Republika e Maqedonisë së Veriut
Комисија за заштита на конкуренцијата
Komisioni për Mbrojtjen e Konkurrencës
Комисија за одлучување по прекршок
Komisioni për Vendimmarrje për Kundërvajtje
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 22.04.2026
Орг.Един. / Nj. Org.: 09- | Број / Numri: 41 | Прилог / Shtojcë: 3 | Вредност / Vlerë:

УПРК.бр.21/2025

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД преку судијата м-р Валентина Конеска како судија поединец, со записничар Ајла Шех –судски советник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ТАНГЕНТА 2.0 ДООЕЛ-Скопје, поднесена преку полномошник Ивица Максимоски адвокат од Скопје, против Решението ПП бр.09-16 од 11.07.2025 година, на тужениот орган Комисија за заштита на конкуренцијата-Комисија за одлучување по прекршок, за прекршок по член 61 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, вредност на спорот 60.000,00 денари, на одржаната главна јавна и усмена расправа одржана на ден 18.02.2026 година, во присуство на полномошникот на тужителот Ивица Максимоски адвокат од Скопје и овластени лица на тужениот орган Маја Стоиманова-Ристовска и Алиу Исљам, согласно член 59 став 1 од Закон за управни спорови на ден 25.02.2026 година, донесе и јавно ја објави:

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ТАНГЕНТА 2.0 ДООЕЛ-Скопје поднесена против Решението ПП бр.09-16 од 11.07.2025 година, на тужениот орган Комисија за заштита на конкуренцијата-Комисија за одлучување по прекршок, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот за надомест на трошоци во постапката во вкупен износ од 21.300,00 денари, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Со решението означено во изреката на пресудата, утврдено е дека тужителот не постапил по Заклучок за доставување на податоците бр.08-98 од 15.11.2023 година, на Комисијата во определениот рок, а во смисла на член 49 од Законот, на начин што не ги доставил податоците побарани со наведениот заклучок во определениот рок кој истекувал на 26.11.2023 година, како ден до кога тужителот бил должен да ги достави бараните податоци и со тоа сторил прекршок по член 61 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, за што му е изречена санкција-глоба во износ од 60.000,00 денари, што претставува 0,43370% од вредноста на вкупниот годишен приход на тужителот остварен во 2024 година, како последна деловна година, за која има составено годишна сметка и истата е задолжен да ја плати во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението, под страв од присилно извршување.

Незадоволен од оспореното Решение, тужителот со тужба до овој Суд ја оспори законитоста на истото, поради суштествена повреда на постапка, погрешна и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог оспореното решение да се поништи. Наведе дека, не постоеле докази дека наведениот заклучок од 2023 година, бил доставен до тужителот, со што не може да се утврди и намерата на тужителот да стори прекршок, како и дека оспореното решение е нејасно и неразбирливо и дека тужениот орган не образложил дали доказите кои не ги доставил тужителот навремено, биле од

влијание за поинакво одлучување на Комисијата за заштита на конкуренцијата, во постапката за која биле барани тие податоци, па нејасно било како е утврдено дека тужителот го сторил прекршокот, имајќи во предвид дека пазарниот удел на тужителот бил минимален и без никакво влијание за постапката на контрола на концентрацијата. Наведе дека, изречената глоба била прекумерна и несразмерна со последиците од наводниот прекршок, земајќи го во предвид фактот што со непостапувањето на тужителот по Заклучокот од 2023 година, немало никакво влијание на постапката за концентрација, нарушеност на конкуренцијата ниту било какви последици на пазарот.

Тужениот орган во одговор на тужбата остана при своето решение од причините наведени во образложението на истото.

Тужителот, со Поднесок се произнесе во однос на одговорот на тужба, со кој остана кон наводите на тужбата.

Јавната расправа се одржа во присуство на странките на која полномошникот на тужителот изјави дека останува во целост на наводите кои се истакнати во тужбата, како и поднесокот од 29.10.2025 година поднесен по повод наводите од одговорот на тужба. Истакна дека иницијалниот акт од Комисијата упатен до тужителот воопшто не е доставен од страна на поштата што е видно од повратницата на која што евидентно е дека не е потписот на управителот на тужителот. Ова било единствена причина зошто тужителот не ги доставил бараните податоци. Понатаму наведе дека од добивањето на известувањето за прекршочната постапка тужителот преку својот полномошник во целост постапил по сите барања на тужениот орган, ги доставил сите барани документи и во целост ги исполнил сите обврски согласно законот, кои биле побарани од тужениот. Смета дека од ова може да се утврди дека тужителот ниту имал некаква намера, ниту причина да не ги достави бараните податоци, а во врска со поведената постапка за концентрација која се водела пред тужениот орган. Со совесното постапување во текот на прекршочната постапка смета дека тужителот покажал дека има волја да соработува и нема никаква причина да избегнува никакви обврски. Укажа дека тужителот со своето минимално учество на пазарот не би имал и немал никакво влијание во однос на постапката за концентрација која ја водел тужениот орган. Наведе дека од тие причини е поднесена тужбата против решението на тужениот, со оглед на тоа дека во решението не се содржани сите околности, не е правилно утврдена фактичката состојба па смета дека истото е незаконито. Понатаму укажа на две контрадикторности на наводи од решенијата и тоа дека во решенито донесено од тужениот е наведено дека тужителот не постапил по заклучок на Комисијата и до ден денес не ги доставил бараните документи и податоци. Овој навод е демантиран од тужителот во својот писмен одговор на тужба во кој е укажано дека тужителот во текот на прекршочната постапка ги доставил сите побарани податоци и во врска со предметниот случај. Исто така наведе дека во утуженото решение е наведено дека тужителот е казнет односно изречена му е санкција - глоба во износ од 60.000,00 денари што претставува 0,43370%, додека во одговорот на тужбата е наведено дека изречената глоба во износ од 60.000,00 денари претставува само 0,00057% од вкупниот годишен приход на тужителот. Смета дека од таа причина во одговорот на тужба тужениот неколкукратно повторува дека е изречеа минимална казна додека ако се види процентуално казната претставува скоро половина од максимално предвидената казна, што воопшто не е минимална. Врз основа на сите докази смета дека тужбата е основана и од таа причина предложи судот да ја усвои и да го поништи оспореното решнеие, како и да му ги надомести трошоците согласно предјавениот трошковник.

Претставникот на тужениот орган Стоиманова - Ристовска Маја, истакна по однос на досега сите искажани наводи на тужителот КОП изјави дека по однос на Комисијата го донела оспореното решение правилно и не сторила никакви суштествени повреди на постапката. Тужителот го примил оспорениот Заклучок од 17.11.2023 година и не постапил по истиот во законски определениот рок. По однос на тоа дека заклучокот не е доставен до тужителот КОП изјави дека единствен релевантен доказ за уредна достава на писменото до тужителот е повратница односно извештај за врачување на писменото од Македонски Пошти на кои што јасно стои потпис и датум за уреден прием на писменото. Од тие причини за поголема сигурност на сите државни органи писмената до странките ги доставувале со препорачана пратка. По однос на непостапувањето на заклучокот на Комисијата за доставување на податоците во определен рок изјави дека согласно член 61 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата не е релевантна намерата на правното лице, туку само непостапувањето, односно недоставувањето на податоците во законски определениот рок. Наведе дека овој факт е неспорен и не зависи од субјективната намера на тужителот, па оттука КОП смета дека решението е засновано, правилно и со целосно утврдени факти. Исто така укажа дека КОП во текот на водењето на прекршочната постапка до изрекување на глоба му дава шанса на тужителот да се произнесе по сите факти и околности на случајот, а тоа е пред носење на прелиминарното известување за утврдена фактичка сосотјба. Тоа значи дека на тужителот КОП му дава можност да се запознае со сите утврдени факти во прекршочната постапка, како и да се проинзнесе по однос на утврдените факти на КОП. Дополнително изјави дека тужителот бил запознаен со сите факти затоа што на негово барање извршен е увид на списи во предметот за кој што КОП составил и записник П.П. бр. 09-38/10 од 15.04.2025 година. По однос на наводот на тужителот дека оспореното решение на Комисијата немало влијание за поинакво одлучување во постапката за која биле побарни податоците, КОП изјавува дека тужениот орган имал обврска да изврши правилна оценка на поднесеното известување за концентрација помеѓу КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ ДОО, Умка Србија и НУТРИВЕТ ДОО Скопје,, кои имале намера да вршат спојување на бизнисот за собирање и транспорт на неопасен отпад. Овие податоци кои што тужителот не ги доставил на Комисијата за заштита на конкуренцијата биле од особено значење за оценка на предметната концентрација. Изјави дека согласно член 61 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата недоставувањето на бараните податоци во определен рок независно од тоа дали тие податоци би влијаеле или не врз поинакво одлучување во конкретната постапка, претставува прекршок согласно член 61 од Законот за заштита на конкуренцијата. Во однос на определувањето на висината на глобата изјави дека ги има земено во предвид сите факти и околности, дури има и пресметано и олеснителна околност затоа што тужителот по поведувањето на постапката ги доставил податоците кои што претходно биле побарани со заклучокот во управната постапка. Од тие причини при утврдувањето на глобата КОП изрекол глоба во износ од 60.000,00 денари која што претставува минимален износ на глоба за ваков тип на прекршок. Во продолжение истакна дека останатите правни лица за истиот случај против кој што КОП поведе прекршочна постапка сите ја подмириле уредно глобата изречена од страна на тужениот орган. Предложи на судот да донесе пресуда со која ќе ја одбие тужбата на тужителот и ќе го потврди решението на тужениот орган.

На прашање на судот до полномошникот на тужителот дали има други лица вработени кај тужителот кои би можеле да примаат писмена, истиот наведе дека има само вработен еден возач кој воопшто не доаѓа на работа во канцеларијата.

Претставникот на тужениот орган изјави дека комисијата има уреден доказ повратница со датум и потпис и државните органи и сите релеванти институции за поголема сигурност доставата ја вршат со препорачана пратка и добиваат повратница како релевантен доказ за уредна достава на писмената.

Во доказна постапка, Судот на јавната расправа ги изведе следните докази: тужбата со прилози, Одговор на тужба бр.09-38/19 од 09.09.2025 година, оспореното Решение ПП бр.09-16 од 11.07.2025 година, Пропратно писмо на Решение број 09-38/17 од 11.07.2025 година, Заклучок за прибавување на податоци 08-98 од 15.11.2023 година, со повратница за истиот, Барање за поведување на прекршочна постапка 08-21 од 15.05.2024 година, од Комисија за заштита на конкуренцијата до Комисија за одлучување по прекршок, Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП.бр.0-38/1 од 21.02.2025 година, Пропратно писмо на Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП.бр.0-38/2 од 21.02.2025 година, Одговор на Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр.0-38/3 од 07.03.2025 година, Одговор на барање за увид во списи ПП.бр.09-38/4 од 11.03.2025 година, Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.09-38/5 од 04.04.2025 година, Пропратно писмо на Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.09-38/6 од 04.04.2025 година, Барање за увид во списи ПП.бр.09-38/7 од 11.04.2025 година, Заклучок за увид во списи ПП.бр.09-38/8 од 14.04.2025 година, Записник за извршен увид ПП.бр.09-38/10 од 15.04.2025 година, Известување ПП.бр.09-38/11 од 15.04.2025 година, Произнесување по Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.09-38/12 од 25.04.2025 година, Конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.09-38/13 од 30.05.2025 година, Пропратно писмо на Конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.09-38/14 од 30.05.2025 година, Произнесување по Конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.09-38/15 од 10.06.2025 година. Поднесок од тужителот од 29.10.2025 година, во прилог со докази побарани од Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Судот постапувајќи по тужбата на тужителот, врз основа на наводите и доказите од тужбата, списите приложени од страна на тужениот орган, наводите на присутните странки на јавната расправа, а врз основа на изведените докази, најде дека:

Тужбата на тужителот е неоснована.

Од списите во предметот произлегува дека, Комисијата за заштита на конкуренцијата, со Заклучок за прибавување на податоци бр.08-98 од 15.11.2023 година, го задолжил сега тужителот во рок од 10 дена, од денот на приемот на истиот, да достави податоци за откупен неопасен отпад во локациите за складирање во Скопје за 2022 година, таксативно наведени во Заклучокот, заради правилна оценка на поднесено известување за концентрација како резултат на која КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ ДОО, Умка Србија и НУТРИВЕТ ДОО Скопје, имале намера да извршат спојување на бизнисот за собирање, транспорт, складирање и третман на неопасен отпад на НУТРИВЕТ ДОО Скопје, со бизнисот на ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА ДООЕЛ Скопје. Ваквиот заклучок тужителот го примил на ден 17.11.2023 година.

Имајќи во предвид дека, сега тужителот не постапил по задолжението во определениот рок, Комисијата за заштита на конкуренцијата до Комисијата за заштита на конкуренцијата при Комисија за одлучување по прекршок, против него поднела Барање за поведување на прекршочна постапка број 08-21 од 15.04.2024

година, за сторен прекршок по член 61 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата. Постапувајќи по барањето за поведување на прекршочна постапка, Комисијата за одлучување по прекршок, донела Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП.бр.09-38/11 од 21.02.2025 година, со кој го задолжил тужителот да достави Извод од Централен регистар за тековна состојба, биланс на успех за 2023 година, и податоци за жиро сметка, ЕДБ и депонент банка, по кое постапил тужителот, а воедно и извршил увид во списите на предметот. Комисијата за одлучување по прекршок, изготвила прелимирано известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.09-38/5 од 04.04.2025 година, како и конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.09-38/13 од 30.05.2025 година, кои се уредно доставени до тужителот по однос на кои има доставено писмено изјаснување.

По вака претходно спроведена постапка, тужениот орган- Комисија за заштита на конкуренцијата-Комисија за одлучување по прекршок, врз основа на член 28 став 2, член 30 став 1 и член 45 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, го донела оспореното решение ПП бр.09-16 од 11.07.2025 година, со кое утврдила дека тужителот не постапил по Заклучок за доставување на податоците бр.08-98 од 15.11.2023 година, на Комисијата во определениот рок а во смисла на член 49 од Законот, на начин што не ги доставил податоците побарани со наведениот заклучок во определениот рок кој истекувал на 26.11.2023 година, како ден до кога тужителот бил должен да ги достави бараните податоци и со тоа сторил прекршок по член 61 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, за што му е изречена санкција-глоба во износ од 60.000,00 денари, што претставува 0,43370% од вредноста на вкупниот годишен приход на тужителот остварен во 2024 година, како последна деловна година, за која има составено годишна сметка и истата е задолжен да ја плати во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението, под страв од присилно извршување.

Незадоволен од вака донесеното Решение ПП бр.09-16 од 11.07.2025 година, на Комисија за заштита на конкуренцијата-Комисија за одлучување по прекршок, останал сега тужителот кој го поведе предметниот управен спор.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно член 35 став 1 од Законот за управните спорови ("Службен весник на РМ" бр.96/19), законитоста на оспорениот управен акт, судот ја испитува во границите на барањето од тужбата, но при тоа не е врзан со причините на тужбата.

Согласно член 49 став 1 од Законот за заштита на конкуренција ( „Службен весник на РМ" бр.145/10.....83/18 и Службен весник на РСМ бр.208/24 и 16/25), при вршење на овластувањата утврдени со овој закон, Комисијата за заштита на конкуренцијата може со заклучок да побара од претпријатија да доставaт податоци во врска со нивната економско финансиска состојба, нивните деловни односи и врски, податоци за нивните статути и одлуки, за бројот и идентитетот на лицата засегнати со таквите одлуки, како и други потребни податоци.

Согласно член 61 став 1 точка 1 од истиот закон, Комисијата за одлучување по прекршок, на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 1% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка, ако не постапи по заклучок на Комисијата за заштита на конкуренцијата или

Комисијата за одлучување по прекршок за доставување на податоци во определениот рок, а во смисла на член 40, член 48 и член 49 од овој закон.

Оценувајќи ја законитоста на оспореното решение, Судот наоѓа дека истото е правилно и законито.

Имено, од увидот кон списите во предметот Судот констатира дека во конкретниот случај, правилно тужениот орган, врз основа на Барањето за поведување на прекршочна постапка и доказите приложени кон истото, утврдил дека тужителот не постапил по задолжението на Комисијата за заштита на конкуренцијата, не ги доставил бараните докази со што постапил спротивно на член 49 од Законот за заштита на конкуренцијата, и сторил прекршок по член 61 став 1 точка 1 од истиот Закон. Воедно врз основа на прибавените докази, Судот наоѓа дека тужениот орган ценејќи ги сите околности извршил правилно одмерување на глобата и му изрекол 0,43370% од вредноста на вкупниот годишен приход на тужителот остварен во 2024 година, како последна деловна година, од предвиденото 1% од вредноста на вкупниот годишен од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, согласно горецитираниот член 61 став 1 точка 1 од именуваниот закон.

Ова од причина што од доказите произлегува дека до тужителот бил доставен Заклучок за прибавување на податоци бр.08-98 од 15.11.2023 година, што произлегува од повратница за достава на препорачана пратка, на ден 17.11.2023 година. Со заклучокот сега тужителот е задолжен во рок од 10 дена, од денот на приемот на истиот, да достави податоци за откупен неопасен отпад во локациите за складирање во Скопје за 2022 година, таксативно наведени во Заклучокот, заради правилна оценка на поднесено известување за концентрација како резултат на која КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ ДОО, Умка Србија и НУТРИВЕТ ДОО Скопје, имале намера да извршат спојување на бизнисот за собирање, транспорт, складирање и третман на неопасен отпад на НУТРИВЕТ ДОО Скопје, со бизнисот на ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА ДООЕЛ Скопје. Со оглед дека сега тужителот не постапил по задолжението во определениот рок, Комисијата за заштита на конкуренцијата до Комисијата за заштита на конкуренцијата при Комисија за одлучување по прекршок, против него поднела Барање за поведување на прекршочна постапка број 08-21 од 15.04.2024 година, за сторен прекршок по член 61 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата. По правилно спроведена постапка согласно закон Комисијата утврдила дека е сторен прекршок од страна на тужителот на начин што не ги доставил податоците побарани со наведениот заклучок во определениот рок кој истекувал на 26.11.2023 година.

Судот ги ценеше тужбените наводи изнесени во тужбата, како и наводите дадени на јавната расправа дека не постоеле докази дека наведениот заклучок од 2023 година, бил доставен до тужителот, меѓутоа истите ги одби како неосновани од причина што видно од повратницата за достава на препорачана пратка кон списите на предметот, произлегува дека Заклучок за прибавување на податоци бр.08-98 од 15.11.2023 година, уредно бил примен од страна на истиот на ден 17.11.2023 година, по кој не постапил.

Судот ги ценеше и наводите на тужителот дека тужениот орган не образложил дали доказите кои не ги доставил тужителот навремено биле од влијание за поинакво одлучување на Комисијата за заштита на конкуренцијата во постапката за која биле барани тие податоци, па нејасно било како е утврдено дека тужителот го сторил прекршокот, имајќи во предвид дека пазарниот удел на тужителот бил

минимален и без никакво влијание за постапката на контрола на концентрацијата. Меѓутоа Судот истите ги оцени како ирелевантни по однос на конечната одлука по овој предмет, со оглед дека во конкретниот случај се работи за прекршок со несторување односно дека тужителот не постапил по даденото задолжение за доставување на бараните докази согласно член 49 од Законот за заштита на конкуренција, со што е исполнето законското битие на прекршокот, а не за влијанието на доказите во постапката за контрола на концентрацијата.

Судот наоѓа и дека не се од влијание наводите на тужителот по однос на одмерената глоба за прекршокот, односно дека не се ценети олеснителните околности дека во текот на постапката пред органот од негова страна се доставени бараните докази, имајќи ја предвид одредбата од член 61 од Законот за заштита на конкуренцијата, остварениот годишен приход за 2024 година на тужителот и ценетите околности согласно член 64 од истиот закон, како отежителните така и олеснителните при одмерувањето на глобата

По однос на барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката, Судот одлучи барањето за надомест на трошоците да го одбие како неосновано, согласно одредбите од член 86 став 3 од Законот за управните спорови, според кој доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката се запре, секоја странка ги сноси своите трошоци во постапката.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 59 од Законот за управни спорови("Службен весник на РМ" бр.96/19).

Пресудено во Управен суд на 25.02.2026 година, под УПРК.бр.21/2025.

Записничар –судски советник
Ајла Шех

Претседател на совет - Судија
м-р Валентина Конеска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р.Македонија, банка на примач НБРМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.

Пресудата да се достави на:
- тужителот-полномошник
- тужен орган

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува Судски службеник

Претседател на совет-Судија
м-р Валентина Конеска

НК/